РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-1843/3
28-10-2024 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (понатаму: ДКСК), на 9-та седница одржана на 09.10.2024 година ја донесе следната

# О Д Л У К А

Пријавата заведена под бр. 12-1843/1 од 27.06.2024 година, за одолговлекување на судски процес во врска со имотен спор, СЕ ЗАПИРА.

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај од причина што за пријавените наводи е надлежен да постапува друг орган.

Пријавата и прилозите доставени кон истата да се достават до Судски совет на Република Северна Македонија.

Предметот со бр. 12-1843/1 од 27.06.2024 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на познат подносител, на ден 27.06.2024 година, поднесена е пријава за одолговлекување на судски процес во врска со имотен спор, и оформен е предмет број 12-1843/1 од 27.06.2024 година.

Во пријавата подносителот наведува дека бара ДКСК да набљудува тековен судски процес кој постојано се одлагал, а за кој како што наведува, единствено било потребно судот да излезе на лице место за да се премери парцелата. наведува дека по барање на одредени лица се спроведувала постапка за запишување на делови од парцелата, иако тие лица немале никакви документи, ниту пак право да градат на нејзината парцела.
Од причина што во пријавата недостасуваа информации за утврдување на фактичката состојба, ДКСК по електронски пат се обрати до подносителот на пријавата и побара од истиот да ја дополни со следните информации:

- Информација дали е во тек судска постапка и пред кој орган (суд или обвинителство), односно број на оформен предмет доколку се води постапка;
- Податоци за парцелата којашто е предмет на пријавата.

Подносителот на пријава изврши дополнување на истата по електронски пат и образложи дека во тек била постапка пред Основниот суд ----- бр. П1---/--. Тужбеното барање било поднесено со цел во однос на КП. бр. ---/- и КП. бр. ---/-, двете во сопственост на подносителот на пријавата, да биде извршено околчување на парцелите. Лицата кои го попречувале мерењето и околчувањето на парцелите на подносителот на пријавата, имале поднесено две тужби до Управен суд кои биле одбиени како несоновани, а потоа и до Вишиот Управен суд којшто донел уште две одбивачки решенија.

Согласно пропишаното во член 36 став 1 алинеи 5 и 15 од Законот за судскиот совет, Судскиот совет на Република Северна Македонија е надлежен да ја следи и оценува работата на судиите, односно е надлежен да постапува по претставки и поплаки на граѓаните и правните лица за работата на судиите, претседателите на судовите и судовите.

По разгледувањето на предметните наводи и релевантните законски одредби, ДКСК констатира дека во случајот по пријавените наводи односно дејствија, друг орган е надлежен да постапува и предметната пријава со прилозите ќе се достават до Судски совет на Република Северна Македонија.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Претседател

Татјана Димитровска

Изработил: М-р В.З, Виш соработник
Контролирал: М-р К.З, Раководител на одделение
Согласен: М-р И.П, Раководител на сектор
Одобрил: М-р Ц.Р, Член на ДКСК

Доставено до:
- подносителот на пријавата

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk